ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 27 – 42/5

Дата: 26.02.2014

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА – КОЗЛЕ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле (во понатамошниот текст Институт) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Институтот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2012 година.

Во Институтот е воспоставена процедура на залихите во кои не се дефинирани надлежностите и одговорностите на лицата за контрола во рамките на процесот на управување и набавка на истите, што има влијание во навремено и целосно евидентирање на залихите на лекови, медицински потрошен материјал, лабораториски, рентген материјали и друг потрошен материјал и спроведување на пописот по организациони единици.

Со ревизијата е констатирано дека пописот на средствата, побарувањата и обврските не е целосно спроведен и не е извршено усогласување помеѓу фактичката и сметководствената состојба, кое има влијание на реално и објективно искажување на билансните позиции.

Институтот користи софтвер за сметководствена и материјална евиденција кој не е инсталиран по организациони единици - одделенија и не е поврзан со софтверот за амбулантско и болничко работење, со што не се обезбедени точни и целосни податоци за реалниот потрошок на залихите.

За управувањето со процесот на набавка не е изготвена процедура со која ќе се дефинираат начинот на планирање на јавните набавки, спроведување на истите и реализација на склучените договори за јавни набавки.
Заради невоспоставена процедура за спроведување на јавните набавки, намалена е контролата за следење на реализацијата на набавките, а како резултат на наведеното утврдени се надминувања на вредноста на склучените договори во вкупен износ од 2.557 илјади денари.

Како значајно прашање на неизвесност ревизијата истакнува дека Институтот не располага со соодветен кадар, како еден од условите за организирање на болничка аптека за набавката и складирање на лекови во рамките на здравствената установа, од причина што не е добиена согласност за вработување на дипломиран фармацевт и покрај доставените барања до Министерството за финансии и Министерството за здравство. Со постојниот начин на набавки на лекови постои ризик да се вршат набавки на лекови по цени повисоки од референтните цени утврдени од страна на Фондот.

Исто така, плаќањето на извршените здравствени услуги - сервисни услуги помеѓу Институтот и другите јавните здравствени установи се врши по референтни цени како максимално утврдени цени на Фондот без да се има предвид поединечно извршените услуги од повеќе јавни здравствени установи во цената на еден пакет на здравствената услуга. Како резултат на вака воспоставен систем на договарање за извршување на сервисни услуги помеѓу Институтот и јавните здравствени установи дел од меѓусебни побарувања и обврски не се реални и објективни, што влијае на утврдување на буџетот на Институтот.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат слабостите во наредниот период.

Од страна на одговорните лица не се добиени забелешки на Нацрт извештајот, во законски пропишаниот рок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 17 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на Институтот на сметката за средства од Фондот кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Институтот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Институтот застапувана од:

- Прим. д-р Оливер Зафировски, в.д. директор од 02.02.2009 година и
- Ријад Алими, в.д. директор од 02.02.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Институтот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од

страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.10.2013 до 19.12.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Институтот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Институтот на ден 18. 12. 2013 година.
Од страна на одговорните лица не се добиени забелешки на Нацрт извештајот, во законски пропишаниот рок.

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на управување и евиденција на залихите**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на управување, набавките и евидентирање на залихите, ревизијата го констатира следното:

- Воспоставениот начин на движење на финансиската документација и одобрување на истата од одговорните лица на субјектот не овозможува навременост и целосност на евидентирање на истата како што е пропишано во член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Наведеното создава ризик од ненавремено и нецелосно евидентирање на фактурите од добавувачите во сметководствената евиденција, што доведува до нереално и необјективно искажување на состојбата на обврските во пресметковниот период.
- Изготвени се процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на стоки и ликвидирање на документите, но со истите не се дефинирани надлежностите и одговорности на лицата за контрола, што

не е во согласност со член 7 и 16 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола.

Воспоставените контроли за прием, издавање и потрошок на залихите на лекови, медицински потрошен материјал, лабораториски, рентген материјали и друг потрошен материјал не овозможуваат навремено и целосно евидентирање во сметководствената евиденција и спроведување на попис за сите организациони единици, што не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба создава ризик од нереално и необјективно искажување на залихите во Билансот на состојба, што е потврдено и констатирано во точка 4.3.1. и 4.3.2. од Извештајот.

**Препорака:**

Одговорните лица да преземат мерки со цел да се подобрат донесените процедури во делот на дефинирање на надлежностите и одговорностите за контрола.

**Процес на набавки**

4.1.2. За управувањето со процесот на набавка не е изготвена процедура со која ќе се дефинираат начинот на планирање на јавните набавки, спроведување на истите и реализација на склучените договори за јавни набавки. Одлуките за избор на понудувачи не се изготвуваат врз основа на извештаите за спроведените постапки, од причина што Комисијата за јавни набавки по извршените електронски аукции не изготвува Извештај, што не е во согласност со член 73 од Законот за јавни набавки. Не се воспоставени контроли за следење на реализацијата по склучените договори за јавни набавки, поради не изготвени спецификации со количини и цени на предметот на набавка. Ваквиот начин на реализација на договорите не е во согласност со член 7 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола и создава ризик набавките да се вршат во подолг рок од договорениот, што е потврдено и констатирано во точката 4.4.1. од Извештајот.

Во текот на ревизијата Институтот има преземено мерки за надминување на слабостите во системот на интерни контроли и тоа:

- спроведена е постапка за јавна набавка и склучен е договор за јавна набавка на услуга – Одржување на постоечкиот софтвер, со кој се предвидува да се внесуваат податоците согласно склучените договори за јавна набавка и следење на реализацијата на истите.
- доставено е известување до економските оператори да ги изготвуваат фактурите со наведување на бројот и датата на договорот за јавна набавка, со што ќе се овозможи следење на реализацијата по склучените договори.
- Изготвено е упатство за начинот и постапката за спроведување на јавните набавки на Институтот.

**Процес на интеграција на системите**

4.1.3. Институтот во текот на 2012 година користи два посебни апликативни софтвери, софтвер за материјална и финансиска евиденција и софтвер за фактурирање кај амбулантско и болничко работење. Со увид во нивната примена констатирано е следното:

- Софтверот за материјална евиденција не е инсталиран по организациони единици - одделенија и не постои мрежна поврзаност на истиот со болничка аптека.
- Не постои поврзаност на софтверот за материјалната евиденција за издадените лекови и медицински потрошен материјал, лабораториски и рентген материјали со софтверот за фактурирање за искажаниот потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги кај амбулантско и стационарно лекување.

Воспоставениот информационен систем не овозможува почитување на основните цели на финансиското управување и контрола и има влијание на утврдување на точни и целосни податоци за реалниот потрошок на залихите.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Институтот, во рамките на склучените договори за одржување, да обезбеди целосно интегрирање на информациониот систем, кој ќе биде мрежно поврзан помеѓу болничка аптека и одделенијата, како и поврзаност на одделенијата со евиденциите за амбулантско и стационарно лекување.

Потребно е да се истакне дека Институтот во 2012 година функционира во услови кога се превземени активности од страна на Министерството за здравство за изградба на нов објект, при што е настаната промена на

локациите на амбулантите и одделенијата за извршување на здравената дејност, како и во делот на администрацијата и истото продолжува и во текот на 2013 година. Наведеното може да влијае на динамиката на имплементација на препораките во делот на системот на интерни контроли.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Должноста на работоводен орган на Институтот ја вршат две лица и тоа в.д. медицински директор и в.д. организациски директор со изминат мандат. По изминување на мандатот на работоводниот орган на Институтот не е распишан конкурс од страна на Управниот одбор на Институтот, согласно член 107 од Законот за здравствена заштита. Институтот има доставено известување до Министерството за здравство бр.0302-2210/1 од 08.11.2012 година со барање за понатамошно постапување, согласно член 107 и 108 од Законот за здравствена заштита по кое не е добиен одговор. Имено, директор на јавна здравствена установа согласно член 107 од Законот за здравствена заштита се именува врз основа на јавен конкурс, распишан од управниот одбор на јавната здравствена установа, а го именува, односно разрешува министерот на Министерството за здравство. Ако по распишаниот конкурс не се именува директор, министерот на Министерството за здравство во рок од пет дена именува вршител на должноста, директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци. Со Законот за здравствена заштита не се предвидува одредба за статусот на директорот по изминување на мандатот, доколку Управниот одбор нема распишан конкурс за избор на директор. На овој начин на раководење не е овозможена подеднаква одговорност за работењето на Институтот и при преземање на обврски во согласност со надлежностите утврдени со закон.

**Препорака:**

- Управниот одбор да донесе одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган (директор), а по спроведување на истиот да достави известување до Министерството за здравство.
- Министерство за здравство, заради непречено извршување на дејноста на Институтот да изврши именување на директор како работоводен орган.

4.2.2. Институтот не постапил согласно одредбите од член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, односно не ја искористил законската можност за ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор, врз основа на договор склучен помеѓу раководителите на двата субјекти од јавниот сектор. Заради наведеното, постои ризик

раководството на Институтот да нема доволно информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**

Раководниот орган на Институтот, да преземе мерки за ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор и да склучи договор за ангажирањето на овластеното лице.

4.2.3. Со ревизија на начинот на исплата на плати, констатирано е дека Управниот одбор на Институтот за белодробни заболувања кај децата – Козле на ден 12.07.2012 година има донесено Одлука и врз основа на истата исплатена е плата по работна успешност, пред да се изврши измена на Колективниот договор за здравствената дејност на РМ, што не е во согласност со член 219 став 1 од Законот за здравствена заштита. Имено, според одредбите од наведениот член од Законот за здравствена заштита основната плата се определува во зависност од работното место за кое здравствениот работник склучил договор за вработување и степенот на сложеност утврден во колективен договор и во зависност од работната успешност определена според колективен договор. Со колективниот договор, договор за работа или друг акт се утврдуваат критериуми и мерила за утврдување на резултатите од работењето на здравствените работници, тргнувајќи од обемот, квалитетот на услугите, заштедите во процесот и ефикасноста во користењето на работното време.

Според член 58 од Колективниот договор платата на работникот за полно работно време и нормален учинок, утврдено врз основа на сложеноста на работните задачи и нормалните услови за работа, не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност, која установата односно работодавачот се должни да ја исплатат на работникот.

Во почетокот на 2013 година, донесен е Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Македонија, потпишан од страна на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија и Министерството за здравство. Со овој анекс се дополнува постојниот Колективен договор за здравствената дејност, со тоа што овој анекс се однесува за работниците кои имаат засновано работен однос во јавните здравствени установи: општи болници, специјализирани болници и

клинички болници. Според овој Анекс, системот на пресметка на плата и исплатата на плата по успешност се применува од јануари 2013 година.

**Препорака:**

Управниот одбор на Институтот при донесување на одлуки да го почитуваат Законот за здравствена заштита и Колективниот договор за здравствена дејност во Република Македонија.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. При увидот на актите од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските за 2012 година, ревизијата констатира непочитување на одредбите од член 19 и 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 11, 29, 30, 31, 34 и 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Елаборатот од Централната пописна комисија не е усвоен во законски утврдениот рок, односно 20 дена пред рокот пропишан за доставување на завршната сметка до надлежните институции и истиот е усвоен на 25.02.2013 година.
- Пописот на постојани средства и залихи не се врши според сметководствените сметки кои се составен дел на Билансот на состојба, туку според локација, по организациони единици каде што се сместени. На овој начин отежнато е усогласувањето помеѓу фактичката и сметководствената состојба.
- Комисиите за попис на постојани средства, ситен инвентар и потрошни материјали (лекови и медицински материјали, прехрамбени производи, административни материјали, средства за хигиена и други потрошни материјали), не извршиле внесување на податоците од сметководствената состојба во пописните листи, потребно за утврдување на разликите.
- Не е извршен попис на залихата на гориво – нафта, која според материјалната евиденција состојбата на 21.12.2012 година изнесува 3.000 литри со вкупна вредност од 180 илјади денари,
- Не е извршен попис под 31.12.2012 година на залихата на материјали во Микробиологија, Лабораторија и Рентген. Во Записникот од извршениот попис на потрошен материјал искажана е само сметководствената состојба во износ од 421 илјада денари,

- Не е извршен попис на лекови и медицински материјали по организациони единици – одделенија, со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици.

Нецелосно извршениот попис и нецелосното усогласување на сметководствената со фактичката состојба, влијае на реално и објективно искажување на податоците, како и на потврдување на целосноста и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Раководниот орган на Институтот да донесе процедура за вршење на попис и да воспостави услови за целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските, заради усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

4.3.2. Со ревизија на постојаните средства и залихите за 2012 година, констатирана е состојба која не е во согласност со членовите 6, 7 и член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 11 и 19 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- Воспоставена е материјална евиденција на опремата и ситниот инвентар во употреба на ниво на Институт без да се утврди во која организациона единица се наоѓаат истите. При издавањето на ситниот инвентар во употреба не се задолжуваат вработените лица со документ (реверс). На овој начин на задолжување се отежнува процесот на усогласување на сметководствената со фактичката состојба.
- Не е воспоставена материјална и финансиска евиденција за прием на лекови и медицински материјали по организациони единици, што придонесува за нецелосно искажување на залихите во Билансот на состојба. Потрошените лекови и медицински материјали во Болничка аптека се искажани во месечни прегледи за вкупно издадената количина по организациони единици, без да биде потврден потрошокот со стационарните пресметки и софтверски да се раздолжи во материјалната евиденција кај одделенијата.

Нецелосното воспоставена материјална и финансиска евиденција на лековите и медицинските материјали со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици (одделенија), влијае на реално и објективно искажување на податоците на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември 2012 година.

**Препорака:**

Раководниот орган на Институтот:

- Да спроведе попис на средствата и залихите на материјали, ситен инвентар по организациони единици,
- Да воспостави сметководствена политика при издавање на ситниот инвентар во употреба со задолжување на вработените лица со соодветен документ (реверс),
- Да воспостави целосна материјална и финансиска евиденција на залихите на лекови и медицински материјали со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици.

### 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

При увидот во начинот на спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2011 година и 2012 година, според Прегледот на податоци за реализација на набавките по склучените договори, изготвен од страна на Институтот, ревизијата утврди надминувања на вредноста на склучените договори во вкупен износ од 2.557 илјади денари и тоа за:

- лекови и медицински раствори, во износ од 755 илјади денари, поради извршени испораки до склучување на нов договор за јавна набавка;
- лабораториски материјали, во износ од 675 илјади денари, поради набавка на нова опрема за која се извршени набавки на реагенси надвор од договорената количина;
- медицински потрошен материјал, во износ од 508 илјади денари, поради извршени испораки до склучување на нов договор за јавна набавка;
- сервис, тековно одржување и испитување на опремата за против пожарна заштита, во износ од 105 илјади денари за 2011 година и 120 илјади денари за 2012 година, поради непредвидени услуги со договорот за јавна набавка;
- набавка на електро и водоводни материјали во износ од 230 илјади денари, врз основа на стар договор и
- набавка на апарат за хартија и дозер за течен сапун во износ од 164 илјади денари, поради непредвидени количини со договорот за јавна набавка.

Утврдените надминувања произлегуваат од дополнителни испораки од првобитниот носител на набавки кои се во рамките на 30% од вредноста на основниот договор, а за кои Институтот нема спроведено постапки за

јавна набавка со преговарање, согласно член 99 став 1 од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Институтот, да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби при спроведување на постапките за јавни набавки и доделување на договорите.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле, на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

6.1. Плаќањето на извршените здравствени услуги - сервисни услуги помеѓу Институтот и другите јавни здравствени установи се врши по референтни цени како максимално утврдени цени на Фондот. Референтната цена на сервисните услуги е утврдена како цена на еден пакет во апсолутен износ со вклучени трошоци за сите елементи кои учествуваат во утврдувањето на истата, без да се има предвид поединечно извршените услуги од повеќе јавни здравствени установи во цената на еден пакет на здравствената услуга. Според член 11 став 6 од договорот за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко –консултативна и болничка здравствена заштита помеѓу Фондот и јавните здравствени установи, здравствените установи се обврзуваат да склучат меѓусебни договори за начинот на фактурирање и плаќање на дополнителни услуги

(сервисни услуги) според референтни цени на Фондот како максимално утврдени цени. Во меѓусебните договори на Институтот со јавните здравствени установи не е прецизирано фактурирањето и плаќањето на сервисните услуги да се врши само за делот на извршените здравствени услуги со утврдување на поединечно учество на договорните страни во цената на еден пакет на здравствената услуга. Како резултат на вака воспоставен систем на договарање за извршување на сервисни услуги помеѓу Институтот и јавните здравствени установи дел од меѓусебните побарувања и обврски се нереални и необјективни и влијае на утврдување на буџетот на Институтот.

Ревизијата укажува на потребата да се иницира активност од страна на јавните здравствени установи даватели/приматели на сервисни услуги во соработка со Министерството за здравство и Фондот за утврдување на поединечно извршените услуги од јавни здравствени установи во цената на еден пакет на здравствената услуга.

Исто така, потребно е Институтот при склучување на меѓусебните договори за начинот на фактурирање и плаќање на дополнителни услуги (сервисни услуги) меѓусебно да договори цени само за делот на извршените здравствени услуги во зависност од поединечното учество на јавните здравствени установи во цената на еден пакет на здравствената услуга.

6.2. Вршењето на фармацевтска дејност преку Болничка аптека Институтот го има предвидено со Статутот, при што за обавување на истата ги исполнува условите во однос на просторот и опремата, но нема вработено лице – дипломиран фармацевт, како еден од условите за набавка на лекови, што не е во согласност со член 91 од Законот за здравствена заштита. За вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека со Законот за лекови се дозволува да се основа аптека и тоа доколку се исполнети условите во однос на простор, опрема и кадар. Институтот и покрај доставените барања до Министерството за финансии, нема добиено согласност за вработување на таков кадар – дипломиран фармацевт, како еден од условите за добивање на одобрение за вршење на дејност на болничка аптека предвидени со член 81 и 82 од Законот за лекови.

Согласно наведеното сметаме дека е неопходно Институтот во соработка со Министерството за здравство да преземе иницијатива за вработување на соодветен кадар– дипломиран фармацевт, со цел дејноста на болничката аптека да се врши согласно закон.

6.2.1. Ревизијата не беше во можност да изврши целосен увид во делот на искажаниот прием, издавање и залихите на нафта, кај магацинот за техничка служба, поради одземената документација од Министерството за внатрешни работи. Наведената документација е предмет на КД - злоупотреба на службена положба и овластувања - примање поткуп. Одземени се неколку фактури кои претставуваат доказ за извршените набавки. Вредноста на евидентираната испорака на нафта за 2012 година, врз основа на доставени фактури и испратници изнесува 7.035 илјади денари, за што се изготвени документи за количините на примената нафта од одговорното лице, како и документација за потрошок на нафта во износ од 6.855 илјади денари, од истото лице и одговорните лица во работилница, без да постои инструмент со кој може да се потврди потрошената нафта за парно греење. За истакнување е фактот дека во 2012 година е евидентирана испораката на 34 тони нафта над договорената количина од спроведената постапка за јавна набавка бр. 0307-457/1 14.03.2011 година, во износ од 1.947 илјади денари.

Не е извршен попис на нафта со состојбата под 31.12.2012 година, а состојбата на залихата на нафта според материјалната евиденција изнесува 3.000 литри во вредност од 180 илјади денари. Според комисиското мерење на нивото на литражата на нафтата во резервоар извршено од Бирото за метрологија при Министерството за економија на 29.11.2012 година, констатирана е состојба од 9.954 литри со Записник бр.2879/15. На 26.02.2013 година извршено е танкирање на нафтата од резервоар во автоцистерна, при што се преотстапени 9.189 литри на ЈЗУ Здравствен дом - Скопје. Врз основа на доставената документација во текот на ревизијата спроведени се соодветни книжење во материјалната и сметководствена евиденција на Институтот.

6.2.2. Во текот на 2012 година започната е изградба на новиот објект на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања - Козле на местото на стариот објект на Институтот. Инвеститор на новиот објект е Владата на РМ – Министерство за здравство, за кое е издадено Одобрение за градење од Министерството за транспорт и врски со број 20 УП.-991/7 од 11.09.2012 година. Во рамките на сметководствената евиденција Институтот има воспоставено евиденција на градежни објекти со утврдена вредност која се однесува на стариот објект согласно евидентниот лист издаден од Агенцијата за катастарот на недвижности. До денот на извршување на ревизијата Министерството за здравство нема доставено до Институтот документација за инвестиционата активност на објектот - времени ситуации за евидентирање во сметководствената евиденција како инвестиција во тек. Наведеното не е во согласност со член 12 од Законот за

сметководство на буџетите и буџетските корисници. Не евидентирање на инвестициите во тек, влијае на реалното и објективно искажување на Билансот на состојба.

По завршување на инвестиционите активности, согласно член 27 и 28 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, а за потребите од користење на новиот објект, Институтот е должен да го извести Министерството за финансии - Управата за имотно-правни работи, врз основа на што Министерството за финансии ќе и предложи на Владата на Република Македонија за давање на трајно користење на новоизградениот објект на Институтот.

Со добивање на потребната документација за инвестиционата активност на објектот од страна на Министерството за здравство, а до решавање на правото на користење, Институтот е должен да воспостави вонбилансна евиденција за градежниот објект кој е во изградба.

**ЈЗУ Институт за белодробни заболувања Козле**
**Сметка на средства од фондот (737)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 87,833 | 88,993 |
| **Вкупно приходи** | **87,833** | **88,993** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 65,045 | 65,596 |
| Стоки и услуги | 21,164 | 21,191 |
| Субвенции и трансфери | 1,103 | 823 |
| **Вкупно тековни расходи** | **87,312** | **87,610** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 521 | 1,383 |
| **Вкупно капитални расходи** | **521** | **1,383** |
| **Вкупно расходи** | **87,833** | **88,993** |

**ЈЗУ Институт за белодробни заболувања Козле**
**Сметка на средства од Фондот (737)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 7 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 10 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 25,968 | 18,471 |
| Залихи | 1,512 | 1,994 |
| **Вкупно тековни средства** | **27,497** | **20,475** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 201 | 191 |
| Материјални средства | 16,560 | 15,013 |
| **Вкупно постојани средства** | **16,761** | **15,204** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 0 | 10,247 |
| **Вкупна актива** | **44,258** | **45,926** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 19,060 | 13,331 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5,438 | 5,325 |
| Пасивни временски разграничувања | 17 | 10 |
| **Вкупно тековни обврски** | **24,515** | **18,666** |
| **Долгорочни обврски** | **1,470** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 18,273 | 25,037 |
| Ревалоризациона резерва | 0 | 2,223 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **18,273** | **27,260** |
| **Извори на други средства** | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **44,258** | **45,926** |

**ЈЗУ Институт за белодробни заболувања Козле**

**Сметка на средства од Фондот (737)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **23,043** | **1,994** | **2,223** | **27,260** |
| **Корекција на почетна состојба** | | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **7,523** | **20,453** | | **27,976** |
| Набавки | 2,023 | 20,453 | | **22,476** |
| Донации | 2,399 | | | **2,399** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | 2,571 | | | **2,571** |
| Ревалоризација на амортизацијата | 530 | | | |
| **Намалување по основ на:** | **13,805** | **20,935** | **2,223** | **36,963** |
| Отпис на капитални средства | | | | **-** |
| Отпис на загуба | 10,247 | | | **10,247** |
| Преф.на ревало.резерва | | | 2,223 | **2,223** |
| Издадени материјали од залиха | | 20,935 | | **20,935** |
| Расход по попис | 11 | | | **11** |
| Амортизација | 3,547 | | | **3,547** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **16,761** | **1,512** | | **18,273** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________

____________________

____________________

____________________